РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 03-257/1
15.05 2026 год.
СКОПЈЕ



**Општинско основно училиште „Блаже Конески“**
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469-746
Електронска пошта: oou-blazhekoneski-aerodrom@schools.mk

Врз основа на член 75 од Законот за осноно образование (Сл.весник на Република С.Македонија број 161 од 05.08.2019, 229/20,3/25 и 250/25год), и Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици при ООУ „Блаже Конески“ – Општина Аеродром бр.03-380/5 од 25.09.2024год, Комисијата за избор на ученик-првенец при ООУ„Блаже Конески’’ Општина Аеродром распишува:

# КОНКУРС

## за избор на ученик – првенец на генерацијата за учебната 2025/2026

Право на учество имаат учениците од деветто одделение кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да покажуваат примерен однос во училиштето и надвор од него
- Да имаат континуиран одличен успех
- Да имаат учествувано на училишни натпревари (интерни – училишни, општински, регионални, државни, меѓународни)
- Да имаат освоено награди, дипломи, признанија, благодарници
- Активно да учествуваат во слободни ученички активности, во воннаставни активности, како и во работа на ученичките организации и училиштето воопшто

Учениците кои ги исполнуваат горенаведените услови да се обратат кај своите класни раководители за дополнителни информации и помош при подготовка на документите.

Потребните документи да се достават во архивата на училиштето надоцна до 26.05.2026 година.

**Документите да содржат:**

**1.Пријава до комисијата достапно на (https://ooublazekoneski.edu.mk/)**

**2. Кратка биографија (CV)** со фокус на воннаставните ангажмани

**3. Копии од дипломи, пофалници,благодарници и сл. ( Комисијата ќе ги бодува сите дипломи, пофалници, благодарници и сл. кои се донесени заклучно со 22.5.2026, подоцна примените дипломи, пофалници, благодарници дополнително нема да може да бидат доставувани до Комисијата ниту бодувани)**

**4.Копии од Свидетелства и Додаток на свидетелства од IV до VIII одд**

Комисијата ќе ги разгледа пристигнатите документи и според Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици при ООУ „Блаже Конески“ – Општина Аеродром бр.03-380/5 од 25.09.2024год, ќе состави кандидатска листа за избор на ученик-првенец на генерацијата

**Општинско основно училиште „Блаже Конески“**
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469-746
Електронска пошта: oou-blazhekoneski-aerodrom@schools.mk

Рангирањето на кандидатите ќе се врши според бодовен систем за следните постигнувања:

| | |
|---|---|
| **Критериум** | • Кандидатот да постигнувал среден успех 5.00 на крај на наставната година од IV до VIII одделение и да бил оценет со примерно поведение на крај на наставната година од IV до VIII одделение (доказ свидетелства)<br>• Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето, (доказ мислење од класен раководител)<br>• Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 3 (за секоја учебна година поодделно); (доказа свидетелства)<br>• Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето (доказ додаток на свидетелство)<br>• Во текот на школувањето ученикот да работел по Индивидуална програма за надарени и талентирани ученици (пофалници од училиштето и други надлежни институции) |
| **Успех во учењето** | • Кандидатот да постигнувал среден успех 5.00 на крај на наставната година од IV до VIII одделение и да бил оценет со примерно поведение на крај на наставната година од IV до VIII одделение (доказ свидетелства) |
| **Натпревари** | Освоени I, II и III места на државни и меѓународни натпревари (акредитирани од МОН) – (доказ дипломи, пофалници, благодарници и сл.) |
| **Воннаставни активности** | Учество во секции, хор, оркестар, драмски секции, спортски екипи на училиштето (доказ дипломи, пофалници, благодарници и сл.) |
| **Проекти и волонтерство** | Учество во Еразмус+ проекти, волонтерски акции, Црвен крст и сл. (доказ дипломи, пофалници, благодарници и сл.) |

Наставничкиот Совет на крајот на учебната година ќе го прогласи ученикот-првенец на генерација.

- **Маја Грујоска – предметен наставник (претседател)**
- **Александра Арсовска Белчовска –психолог (член)**
- **Сиче Талеска Георгиевски – одделенски наставник (член)**